РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 29.11.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/371 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот руски јазик за IX одделение, на деветгодишното основно воспитание и образование

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# РУСКИ ЈАЗИК

I X ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, ноември 2013

1. **Местото на предметот во наставниот план**

## 1.1. Опис и природа на предметот

Секоја врста на поширока интеграција во европските структури подразбира добро образовани кадри кои познаваат и говорат странски јазици. Пред нашето општество стои голема задача - постигнување на идеалот на Советот на Европа за мултилингвалност и мултикултура, според кој како минимум се подразбира добро познавање на два странски јазика.
Во текот на изучувањето на странскиот јазик учениците се формираат како самостојни личности, ја развиваат самодовербата, самостојноста, креативноста. Ја градат мотивацијата на работните навики и способности, подготвеноста за соработка, комуникација, толерантност, тимска работа. Кај учениците се изградува култура на однесување и почитување на соговорникот, добро однесување во училиштето, семејството, почитување на училишните обврски, чувство за точност и негување на пријателството.

Рускиот јазик е словенски јазик со богата културна и научна традиција на кој зборуваат преку 200 милиони луѓе. Сродноста со словенските јазици го олеснува разбирањето на рускиот јазик како странски , ја скратува постапката за развивање на способноста за слушање и овозможува побрзо да се развие способноста за зборување. Во поново време рускиот јазик успешно го пробива патот во училиштата во Европа. При изработка на програмата се користени сознанијата од реализацијата на досегашните наставни програми по руски јазик како прв и како втор странски јазик.
Во наставниот план за деветгодишното основно училиште е дадено посебно место на странските јазици заради фактот што во рамките на општата светска глобализација се интензивираат меѓуцивилизациски размени во сите сегменти на општественото живеење (економско - политички, културни, образовни итн.) со што се наметнува потребата од мултијазичност, што е и интенција на новата концепција. Од тие причини изучувањето на првиот странски јазик започнува уште на шестгодишна возраст ( I одделение), а на 11 годишна возраст (VI одделение) се изучува вториот странски јазик.

## 1.2. Назив на предметот: руски јазик

## 1.3. Број на неделен, односно годишен фонд на часови: 2/72

## 1.4. Статус на предметот: задолжителен/ II странски јазик